# Народна банка на Република Македонија

**Дирекција за истражување**

# Месечна информација

# 02/2008

март, 2008 година

# С О Д Р Ж И Н А

**1. ЦЕНИ** ........ **3**
*1.1. Анкета за инфлациските очекувања во Република Македонија* ........ 6
**2. ПЛАТИ** ........ **8**
**3. ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ** ........ **10**
**4. БИЛАНС НА ПЛАЌАЊА** ........ **12**
**5. МОНЕТАРНИ АГРЕГАТИ** ........ **14**
**6. КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ** ........ **15**
**7. КАМАТНИ СТАПКИ И ДЕВИЗЕН КУРС** ........ **16**
**ПРИЛОГ ТАБЕЛИ** ........ **19**

* Месечната информација содржи анализи врз основа на расположливите податоци заклучно со 20.03.2008 година.

## 1. ЦЕНИ

И покрај очекувањата за стабилизирање на цените на храната, имајќи ги предвид интервенциите на Владата на Република Македонија во однос на цените на основните животни производи, инфлациските притисоци продолжија и во февруари 2008 година, со дополнително интензивирање на **инфлацијата** за 0,8% на месечна основа. Речиси половина од општиот ценовен пораст се должи на порастот на цените на храната. Имено, и покрај намалените цени на лебот и печивата (за 3,9%), цените на храната во февруари забележаа пораст од 0,9%, поради натамошното зголемување на цените на свежиот зеленчук (3,9%), млекото (2,3%) и на маслото за јадење (5,1%). Во февруари, дополнителен инфлаторен притисок од 0,12 п.п. имаше поскапувањето на топлинската енергија за греење од топланите на „Топлификација" АД - Скопје (за 17,56%) и на „Скопје Север" АД - Скопје (за 8,92%).

Во февруари 2008 година, годишната стапка на инфлација достигна 9,6% и забележа интензивирање за приближно еден процентен поен во однос на годишната стапка во јануари 2008 година. Најголем дел, односно 74% од остварената стапка на инфлација се должи на повисоките цени на храната, што во најголем дел произлегува од ниската споредбена основа во првата половина на 2007 година. Просечната стапка на инфлација во првите два месеца на 2008 година достигна 9,1%.

Графикон 1
Остварена и базична инфлација




*Во 2006 година, базичната инфлација е коригирана за ефектот од порастот на цената на тутунот.
Извор: НБРМ и ДЗС.

Доколку се исклучи влијанието на исхраната и енергијата, годишната инфлација во февруари 2008 година изнесува 3,2% (во јануари изнесуваше 2,6%). Интензивирањето на базичната инфлација од почетокот на 2008 година покажува дека засилувањето на инфлацијата повеќе не е резултат само на порастот на цените на храната и енергијата, туку и на порастот на цените и кај останатите производи и услуги. Имено, освен пониските цени на телекомуникациските услуги, сообраќајните услуги и услугите за рекреација и култура, сите останати категории бележат пораст на цените, а најголем придонес имаат растот на цените на угостителските услуги, комуналните услуги, сообраќајните средства, тутунот, пијалаците и обувките.

Напоменуваме дека придонесот на телекомуникациските услуги за намалување на инфлацијата е двојно понизок од почетокот на 2008 година, во споредба со 2007 година.

Мерките на Владата за намалување на цените на лебот, брашното, млекото и задржување на цената на маслото за јадење, во февруари 2008 година, дадоа мал ефект во однос на забавување на растот на цените (придонес во насока на намалување на месечната инфлација од 0,16 п.п., врз основа на пониските цени на производите од жито и на јајцата, додека цените на млекото и маслото за јадење беа повисоки во однос на јануарските цени). Тоа значи дека намалувањето со овие мерки кај дел од производите било недоволно за да ги врати цените на јануарското ниво, а дополнително, малите позитивни ефекти кај дел од производите биле неутрализирани од понатамошниот раст на останатите категории во рамки на инфлацискиот индекс.

Според последните анализи, дополнителниот пораст кај цените на маслото за јадење, нафтените деривати и градежните материјали (индиректен ефект врз потрошувачките цени), во март се очекува да биде неутрализиран преку ефектот од повисоката споредбена основа во март 2007 година (кога се зголемија цените на водата и електричната енергија), со што не се очекува интензивирање на годишната стапка на инфлација во март, под претпоставка за непроменети цени кај останатите категории од инфлацискиот индекс и вообичаени сезонски промени кај исхраната. Како главни ризици во однос на инфлацијата и натаму останува евентуалното натамошно зголемување на цените на храната и цените на енергенсите на светските берзи, имајќи ги предвид глобалните фактори кои влијааат врз цените на храната, тековниот растечки тренд на цената на нафтата на светските берзи, како и движењето на цената на електричната енергија на светските пазари.

Графикон 2
Движење на цената на нафтата „брент“




Извор: Управа за информации за енергетиката - Агенција за статистика при Министерството за енергетика на САД (The Energy Information Administration (EIA) - statistical agency of the U.S. Department of Energy).

Непрекинатиот пораст на **цената на суровата нафта** на светските берзи продолжи и во февруари 2008 година, кога таа оствари месечен пораст од 3% (годишен пораст од 65%). Ваквото зголемување се одрази и врз домашните цени на нафтените деривати, придонесувајќи со 0,7 процентни поени за годишната стапка на инфлација. Интензивирањето започнато од крајот на февруари, кога цената изнесуваше над 100 САД-долари за барел, продолжи и во првите две недели од март (03.03.-13.03.2008 година) при што на 13. март беше забележана рекордна цена од 110,75 САД-долари за барел. Со тоа, просечната цена на нафтата од типот „брент“ во наведениот двонеделен период достигна 105,4 САД-долари за барел[1], или за 5,7% повеќе во однос на претходните две недели. Порастот на цената на суровата нафта главно произлегува од одлуката за непроменетост на производните квоти на последната седница на ОПЕК, политичките тензии што преовладуваат во Јужна Америка, главно во земјите коишто се членки на ОПЕК, како и падот на американскиот долар на рекордно ниска вредност во однос на еврото[2]. Во согласност со образложените движења на цените на нафтата во изминатите две недели, и покрај значителната апрецијација на денарот во однос на САД-доларот за 3,5%, Регулаторната комисија за енергетика, на седницата на 17.03.2008 година, донесе одлука за зголемување на рафинериските цени за 3,06% и на малопродажните цени на нафтените деривати за 2,55%.

Графикон 3
Движење на стапката на инфлација во еврозоната (хармонизиран индекс на потрошувачки цени) и во Република Македонија
(годишни стапки, во%)




* проценет податок за еврозоната.
Извор: ЕУРОСТАТ и ДЗС.

Умереното интензивирање на **годишната стапка на инфлација во еврозоната** продолжи и во јануари 2008 година, кога таа достигна 3,2% (во декември 2007 година годишната инфлација изнесуваше 3,1%). Ваквото движење е резултат на значајниот годишен пораст на цените на горивата за транспорт (за 15%) и на исхраната (за 5,4%), предизвикан од глобалниот тренд на пораст на цените на овие добра, како и

[1] „ВТИ - Вест Тексас интермедиејт“ (WTI – West Texas Intermediate), во глобални рамки се користи како репер за цената на нафтата и во изминатите две недели изнесуваше во просек 106 САД-долари за барел (пораст на цената за 5,7% во однос на претходните две недели).

[2] Асошиејтед прес, Ројтерс, Блумберг, АФП (Associated Press, AFX, Reuters, Bloomberg, AFP).

ефектот од пониската споредбена основа (имајќи предвид дека трендот на пораст на овие цени започна од средината на 2007 година). Од друга страна, дефлаторни влијанија беа забележани кај телекомуникациските услуги, облеката и намалените трошоци за одржување автомобили. Анализирано по земји во еврозоната, најголем пораст на потрошувачките цени е регистриран во Словенија (6,4%), потоа следуваат Шпанија, Луксембург и Кипар, додека најмал пораст на цените е забележан во Холандија. Според проценките на ЕУРОСТАТ, во февруари 2008 година, годишната инфлација во еврозоната се очекува и натаму да се задржи на нивото од 3,2%.

Графикон 4
Годишна стапка на инфлација во земјите на еврозоната во јануари 2008 година
(годишни стапки, во%)




Извор: ЕУРОСТАТ.

### *1.1. Анкета за инфлациските очекувања во Република Македонија*

Анкетата за инфлациските очекувања, спроведена во првиот квартал на 2008 година, се карактеризира со висок процент на респонзивност на испитаниците (85%), при стопроцентен одзив кај групите „економски аналитичари“ и „банки“, и нешто послаб, но сепак висок одзив кај групата „претпријатија“ (75%). Врз основа на анализата на добиените одговори за очекуваното движење на инфлацијата *во првиот квартал на 2008 година*, најголем дел, или 67,5% од анкетираните субјекти очекуваат зголемување на инфлацијата, 22,5% очекуваат да се намали, додека 10% од анкетираните имаат стабилни инфлациски очекувања, односно очекуваат таа да се задржи на постојното ниво од 9,1% остварено заклучно со февруари 2008 година. Најголем дел од инфлациските очекувања за првиот квартал на 2008 година се концентрирани во интервалот од 9,1% до 9,6%.

Графикон 5
Дистрибуција на одговорите по групи испитаници за инфлациските очекувања во првиот квартал на 2008 година




Извор: НБРМ, Анкета за инфлациски очекувања.

Во однос на очекувањата за движењето на просечната стапка на инфлација *до крајот на 2008 година*, 80% од испитаниците очекуваат намалување на инфлацијата во однос на моментното ниво од 9,1%. Од преостанатите испитаници, 10% се изјасниле дека очекуваат инфлацијата да се зголеми, а само 5% очекуваат таа да се задржи на нивото од 9,1%, исто колку што изнесува и процентот на испитаници кои се изјасниле дека не можат да го одредат движењето на инфлацијата. Очекувањата за намалување на инфлацијата во најголем дел се движат помеѓу 6% и 5%. Врз основа на одговорите на анкетата направена во првиот квартал на 2008 година, економските субјекти во РМ очекуваат до крајот на 2008 година инфлацијата да се сведе на просечно ниво од околу 6%. Ова претставува значајно интензивирање на инфлациските очекувања, имајќи предвид дека на анкетата спроведена во последниот квартал од 2007 година одговорите за очекуваната стапка на инфлацијата во 2008 година се движеле во интервал од 1% до 5%, а најмногу од 2% до 3%.

Наведените фактори кои влијаеле врз инфлациските очекувања на економските субјекти за 2008 година се различни, односно одредени субјекти очекуваат пораст на цената на храната и енергијата (пред сè нафтата на светскиот пазар), за разлика од други кои очекуваат нивно стабилизирање во текот на 2008 година. Од домашните фактори се истакнуваат порастот на платите и јавната потрошувачка, ефектот од намалувањето на даноците, но од друга страна се споменуваат зголемувањето на домашната понуда на земјоделски производи, согласно со мерките на Владата, како и преземените антиинфлациски мерки од страна на фискалната и монетарната политика, одржувањето стабилен девизен курс на денарот и кредибилитетот на централната банка во одржувањето на инфлацијата.

Графикон 6
Инфлациски очекувања до крајот на годината и остварена просечна инфлација во тековниот квартал
(во %)




Извор: Анкета за инфлациски очекувања и пресметки на НБРМ; ДЗС.

## 2. ПЛАТИ

Во декември 2007 година е забележано месечно номинално зголемување на просечната исплатена нето-плата за 1,5%, или реален пораст за 0,3%. На годишна основа, просечната номинална нето-плата исплатена во декември е повисока за значителни 12,2%, додека кај номиналните бруто-плати[3] е забележан пораст од 10,3% (помал раст заради намалената стапка на оданочување на доходот од почетокот на годината). Анализата според секторската структура укажува дека годишниот пораст на нето-платите во декември 2007 година е резултат на повисоките исплатени плати речиси во сите дејности од економијата, освен во рибарството и рударството. Така, највисок номинален пораст на платите е забележан во јавниот сектор (здравството, образованието и јавната управа и одбрана), но и во приватниот сектор, каде што е позначаен порастот на платите во преработувачката индустрија (којашто доминира и опфаќа приближно 1/4 од вкупниот број вработени лица), потоа следува финансиското посредување и градежништвото.

[3] Извор: Државен завод за статистика. Вкупните исплатени бруто-плати опфаќаат: исплатени нето-плати во извештајниот месец, платен персонален данок и платени придонеси (за пензиско и инвалидско осигурување, за здравствено осигурување, за вработување, за професионално заболување и за водостопанство).

Графикон 7

Исплатена нето-плата во декември, по сектори

(годишна промена, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Во 2007 година, просечната исплатена месечна бруто-плата и нето-плата по вработен изнесуваа 24.136 и 14.584 денари, соодветно. Притоа, номиналниот пораст на просечната исплатена нето-плата по вработен изнесува 7,9%, додека реалниот пораст е 5,5% (имајќи ја предвид просечната стапка на инфлација од 2,3%). Просечниот годишен пораст на платите произлегува од зголемените исплатени плати во сите дејности од економијата (освен во рибарството, кое има незначително учество во вкупниот број вработени лица од 0,1%). Во последниот квартал од годината е забележано засилување на растот на платите, кога тие се зголемени за 11,8% номинално и 6,6% реално.

Графикон 8

Исплатени плати и стапка на инфлација

(годишни стапки на промена, во %)




Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## 3. ЕКОНОМСКА АКТИВНОСТ

Според последните расположливи податоци, економската активност во декември 2007 година бележи интензивирање, при што трговијата и комуникациите во декември, на месечна основа, растат за 1,6% и 1,5%, додека градежништвото, по високиот пораст во претходните два месеца, бележи пад од 17% (месечните промени се сезонски прилагодени). Со овие најнови податоци, годишните стапки на раст во четвртиот квартал, достигнуваат 32,8% кај прометот во трговијата, 23,3% кај градежните работи и 18,1% кај телекомуникациите. Ваквите стапки на пораст, највисоки во последните шест години, надополнети со растот кај индустријата од 6,2%, укажуваат дека може да се очекува остварување на стапката на раст на БДП во четвртиот квартал на 2007 година, согласно со последната проценка[4] од 5,2%.

Графикон 9
Годишни стапки на раст во одделни сектори од економијата
(во%)




Извор: ДЗС.

Расположливите показатели за движењата во реалниот сектор се во прилог на очекувањата за остварување на проектираниот годишен раст на БДП од околу 4% во првиот квартал на 2008 година. Индустриското производство, како доминантен сектор во создавањето на БДП, во јануари на годишна основа, расте за 13,6%, со што во голема мера ја надминува проекцијата за првиот квартал, којашто

[4] Проценката за последниот квартал на 2007 година е изведена врз основа на проценката на ДЗС за реален раст на БДП во 2007 година од 5,1%.

изнесува 7,6%. Раст е остварен во сите три сектори, а првенствено е предизвикан од зголеменото производство на основни метали, тутунската индустрија (каде што е присутен ефект од пониска споредбена основа, заради порано започнување на откупот на тутунот), нафтената индустрија и производството на електрични машини и апарати. На месечна основа, индустриската активност бележи пораст од 16,9% (според податоците прилагодени за сезонски влијанија). Поволен ефект врз производствената активност се очекува да произлезе и од зголемениот увоз на електрични машини и опрема за 46,7%, во јануари 2008 година на годишно ниво.

Графикон 10
Индекс на индустриско производство
(месечни нивоа, 2005=100)




Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

По ревизијата надолу, во декември 2007 година, во првите два месеци на 2008 година, проекцијата на екстерната побарувачка[5] остана речиси непроменета. Сепак, и понатаму доминираат песимистичките очекувања за глобалниот раст, коишто комбинирани со неизвесноста во однос на состојбите во регионот, претставуваат ризик за побавна домашна економска активност, во однос на проекцијата за 2008 година.

[5] Странската ефективна побарувачка е пресметана како збир од пондерираните индекси на бруто домашниот производ на најзначајните трговски партнери на Република Македонија. Пондерите се пресметани врз основа на учеството на овие земји во македонскиот извоз во 2006 година. Податоците за бруто домашниот производ за земјите-трговски партнери на Македонија до 2007 година се од базата на податоци на ЕУРОСТАТ (New Cronos database), со исклучок на податоците за четвртиот квартал за Белгија и Италија, кои се според проекциите на публикацијата „Консензус форкест“ („Consensus Forecast“) февруари 2008 година. Во пресметката на индексот се вклучени Германија, Грција, Италија, Холандија, Белгија и Шпанија.

Графикон 11
Странска ефективна побарувачка*
индекс, 1995=100 (во %)







*Проекции на „Консензус форкест“

## 4. БИЛАНС НА ПЛАЌАЊА

Во декември 2007 година е забележан дефицит од 127,5 милиони евра на тековната сметка од билансот на плаќања, што претставува највисок месечен дефицит во годината и се должи на високиот трговски дефицит, негативното салдо кај услугите и одливите кај официјалните трансфери, врз основа на плаќањата на државата. Во декември, во рамки на капитално-финансиската сметка се регистрирани странски директни инвестиции во износ од 25 милиони евра, а од друга страна, се бележат нето-одливи врз основа на портфолио-инвестиции во износ од 4,4 милиони евра. Кумулативно, во 2007 година, на тековната сметка е остварен дефицит од 164 милиони евра, или 3% од проектираниот БДП (над проекцијата за 0,7 п.п.), при што трговскиот дефицит достигна 21,4% од БДП (над проекцијата за 0,9 п.п.). Приватните трансфери во 2007 година се зголемија за 6,8% (наспроти растот од 15,4% во 2006 година), достигнувајќи 18% од БДП (18,3% во 2006 година, односно 18,7% според проекцијата за 2007 година). Во 2007 година, странските директни инвестиции достигнаа 240 милиони евра, или 4,4% од проектираниот БДП (во проекцијата 4,1%), додека портфолио-инвестициите изнесуваат 110,8 милиони евра и во однос на 2006 година се повисоки за 51%, но во однос на проекцијата се пониски за 12 милиони евра.

Во јануари 2007 година, годишната стапка на раст на увозот е поинтензивна од годишниот раст на извозот на стоки (19% и 13,3%, соодветно), што придонесе за продлабочување на трговскиот јаз за 28,4% на годишна основа. Извозот на руди, облека и текстил, нафтени деривати и електрични машини придонесува со 78,8% во вкупниот пораст на извозот во првиот месец на годината, додека порастот на увозот, речиси во целост се должи на увозот на минерални горива и инвестициски стоки и полупроизводи (со придонес од 47,9% и 42,5%, соодветно). Динамиката на извозот и увозот на стоки во следните два месеца се очекува да биде во рамки на проекцијата за првиот квартал на 2008 година. Сепак, неизвесноста околу конјунктурата на светските берзи на основни метали, како и околу динамиката на цените на енергентите наметнуваат ризик во насока на остварување повисок трговски дефицит од проектираниот.

Графикон 12
Извоз и увоз на стоки (остварено и проектирано)




Извор: НБРМ.

Влијанието на динамиката на светските берзи најсилно се почувствува во доменот на нафтата и нафтените деривати, каде што постојаниот тренд на зголемување на цената, во јануари 2008 година придонесе за остварување годишен пораст на нето-увозот на нафта и нафтени деривати од 65,1%. Имајќи го предвид ова остварување во првиот месец од годината (47,2% од проектираниот износ за првиот квартал на 2008 година), во оваа категорија се очекува повисок дефицит во размената во првиот квартал, во однос на проектираниот.

Во февруари 2008 година, продолжи трендот на месечно зголемување на цените на металите на светските берзи. Кај благородните метали (златото и среброто), порастот на цените на месечна основа (за 3,7% и 10%, соодветно), главно произлезе од понатамошното намалување на вредноста на доларот во однос на еврото, можноста за намалување на каматните стапки кај релевантните централни банки (главно Централната банка на САД), како и зголемувањето на инфлацијата предводена од рекордните светски цени на нафтата. Овие фактори, надополнети со зголемената побарувачка од земјите во развој, истовремено придонесоа и за месечен пораст на цените на основните метали. Така, цената на никелот во февруари 2008 година, месечно, се зголеми за 1%, при што во првите два месеца се одржуваше над цената која е вклучена во пресметката на платнобилансната проекција (иако на годишно ниво е сè уште пониска).

Табела 1
Цени на металите

| | 2006 | 2007 | јан-март 2007 | април-јуни 2007 | јули-септ 2007 | окт-дек 2007 | декември 2007 | јануари 2008 | февруари 2008 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *САД долари за унца* | | | | | | | | | |
| **Злато** | 604,3 | 696,7 | 650,3 | 667,4 | 681,1 | 788,0 | 803,2 | 889,6 | 922,3 |
| *САД долари за унца* | | | | | | | | | |
| **Сребро** | 1156,9 | 1.341,3 | 1.332,5 | 1335,8 | 1273,2 | 1423,5 | 1431,2 | 1605,9 | 1766,6 |
| *САД долари за метрички тон* | | | | | | | | | |
| **Ладновалани челични лимови** | 693,8 | 650,0 | 650,0 | 650,0 | 650,0 | 650,0 | 650,0 | 687,5 | 800,0 |
| **Топловалани челични лимови** | 600,0 | 550,0 | 550,0 | 550,0 | 550,0 | 550,0 | 550,0 | 600,0 | 750,0 |
| *САД долар за метрички тон* | | | | | | | | | |
| **Никел** | 24.254,4 | 37.229,8 | 41.440,1 | 48.054,8 | 30.205,2 | 29.219,2 | 25.991,9 | 27.689,5 | 27.955,5 |

Извор: Светска банка.

Со последните расположливи податоци, на кумулативна основа, во првите два месеца на 2008 година е остварен нето-откуп на менувачкиот пазар од 69,9 милиони евра, што претставува годишен пад од 26% (наспроти проектираниот пораст за првиот квартал од 2%). Ваквите движења на основната компонента на приватните трансфери упатуваат на ризик од потфрлање на проекцијата кај оваа ставка од тековната сметка на билансот на плаќања.

Од аспект на приливите во капитално-финансиската сметка, според податоците од Македонската берза, за разлика од јануари, нерезидентите во февруари беа главно присутни на страната на купувањата на берзата (со 51%, а на страната на продажбите со 28%), што ја одрази трансакцијата околу преземањето на една осигурителна компанија од страна на странски инвеститор.

## 5. МОНЕТАРНИ АГРЕГАТИ

Во февруари 2008 година, **примарните пари**[6] забележаа пораст од 22,3% на годишна основа, при годишен раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките[7] од 8,3% и 36,9%, соодветно. На месечна основа, примарните пари беа повисоки за 1,8%, што во целост се должи на порастот на вкупните ликвидни средства на банките (од 4,3%), при забележан пад кај готовите пари во оптек од 1,1%. Порастот на примарните пари се оствари во услови на пораст на нето девизната актива и на нето домашната актива на НБРМ. Во февруари 2008 година, нето девизната актива на НБРМ се зголеми, одразувајќи го ефектот од зголемената обврска за задолжителна резерва на банките во девизи, согласно со извршеното проширување на основата за пресметка со вклучување нови сметки, коешто стапи на сила со февруарскиот пресметковен период (11.02.2008 година). На девизниот пазар, во февруари не беа реализирани трансакции на НБРМ со банките-поддржувачи. Во рамки на нето домашната актива, монетарните инструменти, на нето-основа делуваа во насока на креирање ликвидност, додека нето-позицијата на државата, согласно со незначителната месечна промена, немаше позначаен ликвидносен ефект. Имајќи ги предвид остварените промени кај основните компоненти од билансот на НБРМ (пред сè нето девизната актива на НБРМ), постои можност за потфрлање во однос на проектираната динамика на примарните пари за првиот квартал (24,8%). Имено, иако во февруари 2008 година дојде до стабилизирање на девизниот пазар, нето девизната актива на НБРМ е под проектираното ниво, согласно со остварената нето-продажба на девизи во првиот месец на годината.

Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките, во февруари 2008 година оствари умерен месечен пораст од 1.893 милиони денари, или за 1,4%, при регистриран позасилен пораст на депозитите на корпоративниот сектор. Од секторски аспект, месечниот пораст главно се должи на девизните депозити, коишто се зголемија за 1,9%, додека денарските депозити се повисоки за 0,9%. Согласно со ваквите движења, се забележува забавување на годишната стапка на раст на **најшироката парична маса М4**, којашто во февруари 2008 година изнесуваше 27,9%. Во однос на проекцијата за првиот квартал, промената кај паричната маса е во очекуваната насока (стабилизација на растот), но тоа е главно заради пониското денарско

[6] Ја вклучува задолжителната резерва на девизни депозити. Без оваа компонента, годишниот раст на примарните пари во февруари 2008 година изнесува 20,2%.
[7] Ја содржи готовината во благајна и средствата на сметките на банките кај НБРМ.

штедење од очекуваното, а во услови на сè уште нереализирана претпоставка за репатријација на дивидендата на едно голема компанија кон странскиот инвеститор. Можно објаснување за ваквите движења е намалувањето на интензитетот на девизни приливи од странство, како и присутното засилување на стапката на инфлација, како фактори што влијаат врз одлуките на населението за прераспределба на финансиските ресурси. Притоа, можното задржување на ваквите трендови и во текот на март, може да доведе до негативно отстапување кај најшироката парична маса во однос на проекцијата за крајот на првиот квартал (проектираната стапка на годишен раст на најшироката парична маса М4, во март 2008 година, изнесуваше 28,6%).

Графикон 13
Парична маса М4

- придонес во годишниот пораст
(во процентни поени)




- годишен пораст
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Согласно со првичните податоци за првата декада од март, вкупните депозити на приватниот сектор кај банките се задржаа на речиси истото ниво како и на крајот на февруари, при што трансакциските депозити беа зголемени за 2,8%, денарските орочени депозити беа намалени за 1,3%, а девизните депозити беа зголемени за 1,7%.

## 6. КРЕДИТИ НА БАНКИТЕ

Во текот на февруари 2008 година дојде до натамошно засилување на **кредитната активност** на банките, при што вкупните кредити на банките кај приватниот сектор се зголемија за 4.612 милиони денари, на месечна основа, или за 3,6%. Притоа, 61,2% од одобрените кредити беа пласирани кај секторот „претпријатија“, главно во форма на денарски кредити (вклучително и денарски кредити со девизна клаузула). Согласно со ваквите движења, годишната стапка на раст на вкупните кредити на банките кај приватниот сектор, во февруари 2008 година, достигна 41,4% (39,9% во претходниот месец). Според проекцијата, се очекува на крајот на март 2008 година годишната стапка на раст на вкупните кредити година да изнесува 40,1%.

Графикон 14

Кредити на приватен сектор
(во милиони денари)




Извори на финансирање
(квартални промени, во%)




* Промена: февруари 2008 година (првични податоци) / декември 2007 година.
Извор: Народна банка на Република Македонија.

Согласно со првичните податоци за првата декада од март, вкупните кредити на банките кај приватниот сектор се зголемија за 0,3%, во однос на крајот на февруари, при речиси подеднаква распределба кај населението и претпријатијата.

Во февруари 2008 година, **нето девизната актива на банките** се намали за 1.079 милиони денари, на месечна основа, или за 6,6%, главно како резултат на намалувањето на девизните средства на банките (за 835 милиони денари, или за 2,3%), при забележан умерен пораст на девизните обврски на банките (за 244 милиони денари, или за 1,2%).

## 7. КАМАТНИ СТАПКИ И ДЕВИЗЕН КУРС

Согласно со одлуката од 19.02.2008 година, НБРМ во однос на спроведувањето на аукциите на благајнички записи, премина кон примена на **тендер со износи**, којшто дава појак сигнал за насоката на монетарната политика и се очекува да придонесе кон одржување на пазарните очекувања на стабилно ниво. Така, на 20.02.2008, 27.02.2008 и 05.03.2008 година се одржаа аукции на благајнички записи со тендер на износи и фиксна каматна стапка од 5,25%, при што ефектот на нето-основа беше емитирање во износ од 565 милиони денари. Имајќи ги предвид ваквите остварувања, во услови на натамошното зголемување на инфлаторните притисоци, согласно со податоците за февруарската инфлација, неповолните движења на девизниот пазар, како и засилено присуство на психолошките фактори коишто ги јакнат инфлациските очекувања, се наметна потреба од дополнителна **корекција кај референтната каматна стапка** на НБРМ. Така, на 06.03.2008 година, НБРМ дополнително ја зголеми каматната стапка на благајничките записи за 0,75 процентни поени и ја постави на ниво од 6%. Притоа, на аукцијата одржана на 13.03. и 19.03.2008 година, е остварено нето-повлекување од 308 милиони денари.

На 19.02.2008 година и 04.03.2008 година, на примарниот пазар на краткорочни хартии од вредност беа одржани **аукции на тримесечни државни записи,** каде што во услови на просечно повисока понуда во однос на побарувачката, беа реализирани просечни каматни стапки од 5,06% и 5,24%, соодветно. Притоа, на 04.03.2008 година, на пазарот на пари се одржа аукција на шестмесечни државни

записи, на која пондерираната каматна стапка се зголеми и изнесуваше 5,61%, кога побаруваниот износ беше помал во однос на понудениот. Просечната меѓубанкарска каматна стапка во билатералните тргувања на банките, во периодот 01-19.03.2008 година, во просек изнесуваше 3,04% за позајмувања на еден ден, што претставува намалување во однос на просекот во февруари (3,1%).

Графикон 15
Каматни стапки
(во %)




Извор: Народна банка на Република Македонија.

Во јануари 2007 година, просечната пондерирана **каматна стапка на денарските кредити** за сите рокови и сектори изнесуваше 9,8% и во однос на претходниот месец е пониска за 0,1 п.п., додека просечната пондерирана каматна стапка на денарските депозити за сите рокови и сектори се зголеми за 0,1 п.п. и изнесуваше 5,4%. Во декември 2007 година, просечната пондерирана каматна стапка на девизните кредити за сите рокови, сектори и валути изнесуваше 8,2% (8,5% во претходниот месец), додека просечната пондерирана каматна стапка на девизните депозити за сите рокови, сектори и валути се зголеми за 0,1 п.п. и изнесуваше 2,1%.

На 07.03.2008 година, бруто девизните резерви изнесуваа 1.535,4 милиони евра и во однос на крајот на претходната година, забележаа зголемување од 4 милиони евра. Забележаниот пораст е резултат на зголеменото салдо на сметките за задолжителна резерва на банките во девизи[8], како и остварените приливи врз основа на камати на депозитите и пресметани камати на хартиите од вредност, во услови на остварен пад на девизните депозити на државата.

Реалниот ефективен девизен курс на денарот, дефлациониран со индексот на трошоци на живот, во јануари 2008 година го продолжи трендот на апрецијација

[8] На 11.02.2008 година, стапи во сила Одлуката на НБРМ за задолжителна резерва на банки, со која се изврши проширување на опфатот на задолжителната резерва со вклучување на нови категории сметки од билансите на банките.

карактеристичен за претходните два месеца и оствари месечна апрецијација од 1,6% (главно како резултат на поинтензивен пораст на домашните цени во однос на странските цени). Анализирано на годишна основа (јануари 2008 година / јануари 2007 година), РЕДК за прв пат забележа умерена апрецијација од 1%, што се должи пред сè на регистрираната апрецијација на НЕДК, но и на промената кај релативните цени, односно поголем годишен пораст на домашната стапка на инфлација во однос на странската инфлација. За разлика од РЕДК со дефлатор-индекс на трошоци на живот, кај РЕДК дефлациониран со индексот на цени на производители на индустриски производи, се забележува годишна депрецијација од 3,5%, како резултат на поинтензивниот годишен пораст на странските во однос на домашните цени (што укажува на тоа дека сè уште не е присутно влошување на конкурентноста на македонската економија).

Графикон 16




Извор: ИФС за февруари 2008 година и ДЗС на Република Македонија.
За оние земји за кои нема расположливи податоци од ИФС, податоците се земени од интернет-страниците на соодветните централни банки, заводите за статистика и од ЕУРОСТАТ.

## ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

### Табела 1
Инфлација, февруари 2008 година

| | II 2008 / I 2008 | II 2008 / II 2007 | I-II 2008 / I-II 2007 | Придонеси кон промената: месечни | годишни | кумулативни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | во % | | | (во процентни поени) | | |
| **Трошоци на животот** | **0.8** | **9.6** | **9.1** | **0.8** | **9.7** | **9.2** |
| Исхрана | 0.9 | 18.7 | 18.3 | 0.4 | 7.2 | 7.0 |
| Тутун и пијалаци | 2.2 | 4.7 | 3.6 | 0.1 | 0.2 | 0.2 |
| Облека и обувки | -1.4 | 1.2 | 1.7 | -0.1 | 0.1 | 0.1 |
| Домување | 1.4 | 4.5 | 3.8 | 0.2 | 0.7 | 0.6 |
| Стан (станарина, вода, услуги) | 2.1 | 11.7 | 10.6 | 0.1 | 0.4 | 0.4 |
| Огрев и осветление | 1.4 | 2.9 | 2.1 | 0.1 | 0.3 | 0.2 |
| Греење и услуги | 4.1 | 3.8 | 1.7 | 0.1 | 0.1 | 0.1 |
| Електрична енергија и осветлување | 0.0 | 2.4 | 2.4 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Хигиена и здравје | 0.2 | 1.8 | 1.8 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |
| Култура и разонода | 0.7 | -0.4 | -0.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Сообраќајни средства и услуги | 0.7 | 4.7 | 4.0 | 0.1 | 0.7 | 0.6 |
| Сообраќајни и птт услуги | 2.5 | 10.7 | 10.6 | 0.1 | 0.3 | 0.3 |
| Течни горива и масла | -0.5 | 19.3 | 17.3 | 0.0 | 0.7 | 0.7 |
| Ресторани и хотели | 1.8 | 12.3 | 11.5 | 0.1 | 0.6 | 0.6 |
| Останати услуги неспомнати на друго место | 0.9 | 17.5 | 16.1 | 0.0 | 0.1 | 0.1 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

### Табела 2
Базична инфлација, продуктивност и плати

| *(годишни промени, %)* | 2006 | 2007 | 2007 Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Последни месеци дек.07 | јан.07 | фев.07 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИнфлацијаЦПИ | 3.2 | 2.3 | 0.7 | 1.1 | 2.4 | 4.9 | 6.1 | 8.7 | 9.1 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 1.1 | 0.7 | 0.2 | 0.8 | 1.1 | 1.2 | 1.2 | 2.6 | 3.2 |
| Регулирани цени | 5.7 | 3.3 | 4.2 | 3.0 | 2.0 | 4.1 | 6.3 | 1.6 | - |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 4.5 | 1.6 | 1.0 | 1.2 | 1.6 | 4.1 | 4.2 | - | - |
| Продуктивност | 0.3 | - | 4.3 | 0.8 | 1.2 | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата | 7.3 | 7.9 | 5.7 | 6.4 | 7.5 | 11.8 | 12.2 | - | - |
| Реална нето-плата | 4.0 | 5.5 | 5.0 | 5.3 | 5.0 | 6.6 | 5.7 | - | - |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

### Табела 3
Индустриско производство и останати дејности од економијата

| *(годишни промени, %)* | 2006 | 2007 | 2007 Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Последни месеци ноем.07 | дек.07 | Јан-08 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Индустриско производство | 2.5 | 3.7 | 11.6 | -2.8 | 1.1 | 6.2 | 5.5 | 2.6 | 13.6 |
| Градежништво | -12.3 | - | 9.4 | -18.6 | 18.0 | - | 45.2 | - | - |
| Трговија | 2.5 | - | 25.1 | 17.2 | 21.2 | - | 31.3 | - | - |
| Телекомуникации | -1.0 | - | 11.1 | 17.1 | 15.9 | - | 19.6 | - | - |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## **Табела 4**

Селектирани гранки од индустријата

| *(годишни промени, %)* | 2006 | 2007 | 2007 Кв.1 | 2007 Кв.2 | 2007 Кв.3 | 2007 Кв.4 | Јан.08 | Придонес кон пораст (п.п.) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Производство на прехранбени производи и пијалаци | 0.1 | 7.7 | 12.0 | 0.6 | 9.5 | 9.6 | 11.3 | 1.6 |
| Производство на тутунски производи | 5.5 | -0.8 | 19.0 | -14.4 | -16.8 | 41.1 | 100.0 | 2.6 |
| Производство на предмети за облека | -3.7 | -14.5 | -4.6 | -19.8 | -17.9 | -14.2 | -19.6 | -2.1 |
| Производство на деривати на нафта | 12.3 | -2.4 | 20.6 | -11.1 | 1.3 | -16.8 | 36.4 | 1.8 |
| Производство на други неметални минерали | 14.0 | 3.8 | 51.5 | 4.2 | -2.6 | -15.9 | -20.8 | -1.2 |
| Производство на основни метали | 11.8 | 34.3 | 57.4 | 35.2 | 25.3 | 26.7 | 22.6 | 3.6 |
| Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 5.7 | 45.6 | 6.0 | 5.4 | 51.7 | 112.0 | 45.5 | 1.6 |
| Производство на електрични машини и апарати | 3.7 | -24.4 | -45.1 | -37.4 | -12.3 | 1.0 | 123.2 | 1.9 |
| Рециклажа | 12.8 | -35.6 | 20.7 | -57.5 | -88.5 | -4.2 | 274.6 | 1.5 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | -0.6 | -9.5 | -9.1 | -20.8 | -8.7 | -1.1 | 1.6 | 0.3 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## **Табела 5**

Биланс на плаќања[/1]

(во милиони евра)

| | 2006 | 2007 I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | 2007 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I. Тековна сметка** | **-44,9** | **-4,4** | **6,0** | **39,4** | **-0,2** | **45,9** | **5,3** | **-21,1** | **67,7** | **-38,2** | **-37,2** | **-99,6** | **-127,5** | **-164,0** |
| **СТОКИ, нето** | **-1.020,4** | **-81,1** | **-74,5** | **-55,5** | **-83,6** | **-56,1** | **-68,0** | **-125,1** | **-64,5** | **-108,8** | **-136,1** | **-152,5** | **-167,2** | **-1.172,8** |
| Извоз, f.o.b | 1.902,6 | 160,5 | 175,7 | 222,5 | 200,5 | 212,0 | 229,3 | 196,4 | 214,4 | 194,3 | 215,5 | 208,1 | 212,4 | 2.441,5 |
| Увоз, f.o.b /2 | -2.923,1 | -241,6 | -250,2 | -277,9 | -284,1 | -268,1 | -297,3 | -321,5 | -278,9 | -303,1 | -351,6 | -360,6 | -379,5 | -3.614,3 |
| **УСЛУГИ, нето** | **22,2** | **-2,0** | **1,0** | **-0,1** | **1,3** | **-0,6** | **0,4** | **5,5** | **7,6** | **10,3** | **9,9** | **-0,6** | **-6,9** | **25,5** |
| **ДОХОД, нето** | **-28,4** | **10,2** | **8,6** | **10,9** | **-7,3** | **13,2** | **-15,0** | **-21,0** | **11,7** | **-28,4** | **5,0** | **-17,0** | **2,8** | **-26,4** |
| од кој: камата, нето | -19,4 | -0,2 | -1,7 | -0,1 | -1,5 | 0,1 | -3,8 | 0,0 | 1,1 | -3,6 | -2,2 | -0,2 | -5,9 | -17,9 |
| **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ, нето** | **981,8** | **68,5** | **70,9** | **84,0** | **89,4** | **89,4** | **87,9** | **119,5** | **112,9** | **88,7** | **84,1** | **70,5** | **43,8** | **1.009,8** |
| Официјални | 58,7 | 3,2 | 1,5 | 3,9 | 5,4 | 5,9 | 5,8 | 5,2 | 2,2 | 3,3 | 3,1 | 8,1 | -23,6 | 23,9 |
| Приватни | 923,1 | 65,3 | 69,5 | 80,1 | 84,0 | 83,5 | 82,2 | 114,3 | 110,7 | 85,5 | 81,0 | 62,3 | 67,4 | 985,8 |
| **II. Капитална и финансиска сметка** | **38,0** | **3,4** | **-8,9** | **-37,5** | **2,8** | **-41,1** | **-8,6** | **30,3** | **-59,8** | **38,3** | **38,6** | **102,1** | **134,5** | **194,3** |
| **КАПИТАЛНА СМЕТКА, нето** | **-0,8** | **-1,2** | **0,1** | **-0,2** | **0,6** | **0,3** | **0,6** | **4,3** | **-0,2** | **-0,3** | **-0,1** | **-0,8** | **-1,6** | **1,3** |
| Капитални трансфери, нето | -0,8 | -1,2 | 0,1 | -0,2 | 0,6 | 0,3 | 0,6 | 1,1 | -0,2 | -0,3 | 0,0 | -0,3 | -1,6 | -1,1 |
| Официјални | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Други | -0,8 | -1,2 | 0,1 | -0,2 | 0,6 | 0,3 | 0,6 | 1,1 | -0,2 | -0,3 | 0,0 | -0,3 | -1,6 | -1,1 |
| Стекнување/располагање со | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 3,1 | 0,0 | 0,0 | -0,1 | -0,5 | 0,0 | 2,4 |
| **ФИНАНСИСКА СМЕТКА, нето** | **38,8** | **4,7** | **-9,0** | **-37,3** | **2,3** | **-41,4** | **-9,2** | **26,1** | **-59,6** | **38,6** | **38,7** | **102,9** | **136,1** | **192,9** |
| Директни инвестиции, нето | 344,6 | 3,8 | 7,8 | 8,4 | 44,5 | 21,0 | -1,6 | 25,2 | -5,6 | 20,8 | 34,9 | 55,6 | 25,3 | 240,1 |
| Портфолио инвестиции, нето | 73,1 | 12,2 | -7,6 | 16,0 | 25,9 | 16,7 | 3,0 | 6,2 | 8,8 | 9,5 | 24,3 | 0,3 | -4,4 | 110,8 |
| Други инвестиции, нето | -81,4 | -38,4 | -21,7 | -27,3 | -21,9 | -69,4 | -55,4 | 25,2 | -27,5 | 44,0 | 5,2 | 46,4 | 84,5 | -56,3 |
| Трговски кредити, нето | 2,9 | -3,1 | 6,9 | -37,5 | 5,0 | -56,9 | -13,2 | 45,3 | -34,4 | -9,3 | 18,9 | 20,0 | 24,5 | -33,5 |
| Заеми, нето | -22,3 | -42,3 | -15,8 | 15,9 | -23,0 | -14,8 | -87,0 | 7,0 | 6,4 | -0,8 | 22,2 | 11,8 | 12,7 | -107,7 |
| Валути и депозити, нето | -83,7 | 5,9 | -14,3 | -8,3 | -10,7 | -0,6 | 31,4 | -29,0 | -2,7 | 44,5 | -40,0 | 11,9 | 17,9 | 5,9 |
| од кои: монетарна власт, нето | -5,7 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | -0,3 | 0,2 | 0,0 | -0,2 |
| комерцијални банки, нето | -10,4 | 3,7 | -8,2 | 0,7 | -1,6 | 4,9 | 37,9 | -22,1 | -1,6 | 50,6 | -34,2 | 19,8 | 18,6 | 68,4 |
| население, нето | -67,6 | 2,2 | -6,1 | -9,0 | -9,1 | -5,4 | -6,4 | -6,9 | -1,1 | -6,0 | -5,6 | -8,2 | -0,7 | -62,3 |
| Други, нето | 21,7 | 1,2 | 1,4 | 2,6 | 6,7 | 2,8 | 13,3 | 1,9 | 3,2 | 9,5 | 4,1 | 2,7 | 29,5 | 78,9 |
| Бруто официјални резерви, ( - = зголемување) /3 | -297,6 | 27,1 | 12,6 | -34,4 | -46,3 | -9,8 | 44,8 | -30,5 | -35,3 | -35,6 | -25,7 | 0,6 | 30,7 | -101,8 |
| **III. Грешки и пропусти** | **6,9** | **1,0** | **2,9** | **-1,9** | **-2,6** | **-4,8** | **3,3** | **-9,2** | **-7,9** | **-0,1** | **-1,5** | **-2,5** | **-6,9** | **-30,3** |

1/ Претходни податоци.

2/ Увозот е прикажан на ф.о.б. паритет согласно V издание на прирачникот за платен биланс од ММФ.
Пресметката на ц.и.ф. - ф.о.б. факторот како процент од увозот ц.и.ф. изнесува 4,14%
За 2006 и 2007 година направено е и временско прилагодување за увозот на електрична енергија.

3/ Промени во методологијата: Податоците за платниот биланс за 2007 год. вклучуваат проценки на вредностите на одредени елементи во ставките директни инвестиции и доход - врз основа на податоците од новиот извор на податоци (годишен прашалник за странски вложувања ДИ-22) расположиви заклучно со 2006 година.

4/ Без монетарно злато и курсни разлики

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 6**

Надворешнотрговска размена

| | I.2008 | I.2008 / XII.2007 | | I.2008 / I.2007 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | износ | износ | % | износ | % |
| **Вкупна размена** | **488.9** | **-112.2** | **-18.7** | **70.3** | **16.8** |
| Извоз | 182.1 | -30.7 | -14.4 | 21.3 | 13.3 |
| Увоз | 306.8 | -81.5 | -21.0 | 48.9 | 19.0 |
| **Салдо** | **-124.6** | **50.8** | **-28.9** | **-27.6** | **28.4** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

**Табела 7**

Монетарни движења, февруари 2008 година

| *во милиони денари* | 31.12.2006 | 31.12.2007 | 29.02.2008 | месечна промена (29.02.2008/ 31.01.2008) | | годишна промена (29.02.2008/ 28.02.2007) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | остварено | остварено | остварено | во мил.ден | во % | во % |
| Парична маса М4 | 135.641 | 175.553 | 179.018 | 2.760 | 1,6 | 28,1 |
| Готови пари во оптек | 16.206 | 17.927 | 16.237 | -182 | -1,1 | 8,3 |
| Денарски депозити[/1] | 58.997 | 89.077 | 91.059 | 1.590 | 1,8 | 47,0 |
| Девизни депозити | 60.438 | 68.549 | 71.722 | 1.352 | 1,9 | 14,2 |
| Вкупни депозити | 119.435 | 157.626 | 162.781 | 2.942 | 1,8 | 30,5 |
| Примарни пари[/2] | 31.264 | 37.586 | 35.620 | 623 | 1,8 | 22,3 |

[/1] Вклучени се и депозитни пари, депозити на општините и установи на јавен сектор.

[/2] Вклучува задолжителна резерва на девизни депозити.

| *во милиони денари* | 31.12.2006 | 31.12.2007 | 29.02.2008 | месечна промена (29.02.2008/ 31.01.2008) | | годишна промена (29.02.2008/ 28.02.2007) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | остварено | остварено | остварено | во мил.ден | во % | во % |
| Кредити на приватен сектор | 89.782 | 124.875 | 132.520 | 4.612 | 3,6 | 41,4 |
| Во денари | 66.413 | 94.496 | 101.008 | 4.186 | 4,3 | 45,2 |
| Во странска валута | 23.369 | 30.379 | 31.512 | 426 | 1,4 | 30,3 |
| Нето девизна актива на банките | 22.926 | 15.459 | 15.190 | -1.079 | -6,6 | -36,5 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 8**

Монетарни агрегати

(во %)

| | период во однос на претходен период | | | | | годишна промена | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2007 | | | | 2008 | 2006 | 2007 | | | | 2008 | |
| *во %* | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Јануари | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Јануари | Февруари |
| **M0** | -6,1 | 8,5 | 2,2 | 15,5 | -6,9 | 21,4 | 18,9 | 18,2 | 18,9 | 20,2 | 23,1 | 22,3 |
| **M1** | -1,4 | 6,0 | 8,3 | 16,3 | -6,0 | 17,1 | 22,5 | 18,0 | 22,6 | 31,7 | 32,0 | 31,3 |
| **M4** | 4,7 | 9,7 | 3,7 | 8,8 | 0,1 | 24,9 | 26,4 | 32,2 | 29,9 | 29,5 | 29,6 | 27,9 |
| **M4-денарски дел** | 5,1 | 14,1 | 5,9 | 12,2 | -1,5 | 30,8 | 33,1 | 44,3 | 43,8 | 42,6 | 42,8 | 39,1 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 9**

Депозити на приватниот сектор

(во милиони денари)

| | | состојба | месечна промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 29.02.2008 | износ | % | износ | % |
| **Вкупни депозити на приватен сектор** | | 134.156 | 1.893 | 1,4 | 28.373 | 26,8 |
| **Денарски депозити** | Население | 37.276 | -270 | -0,7 | 12.858 | 52,7 |
| | Претпријатија | 21.845 | 708 | 3,3 | 5.285 | 31,9 |
| | Вкупно | 62.434 | 541 | 0,9 | 19.452 | 45,3 |
| **Девизни депозити** | Население | 52.860 | 754 | 1,4 | 6.883 | 15,0 |
| | Претпријатија | 18.316 | 624 | 3,5 | 1.754 | 10,6 |
| | Вкупно | 71.722 | 1.352 | 1,9 | 8.921 | 14,2 |
| **Вкупни депозити на население** | | 90.136 | 484 | 0,5 | 19.741 | 28,0 |
| **Вкупни депозити на претпријатија** | | 40.161 | 1.332 | 3,4 | 7.039 | 21,3 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

* денарските депозити се без депозитни пари..

**Табела 10**

Кредити на приватниот сектор

(во милиони денари)

| | | состојба | месечна промена | | годишна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 29.02.2008 | износ | % | износ | % |
| **Вкупни кредити на приватен сектор** | | 132.520 | 4.612 | 3,6 | 38.773 | 41,4 |
| **Денарски кредити** | Население | 48.921 | 1.679 | 3,6 | 18.232 | 59,4 |
| | Претпријатија | 51.792 | 2.511 | 5,1 | 13.026 | 33,6 |
| | Вкупно | 101.008 | 4.186 | 4,3 | 31.439 | 45,2 |
| **Девизни кредити** | Население | 2.559 | 151 | 6,3 | 854 | 50,1 |
| | Претпријатија | 28.936 | 312 | 1,1 | 6.464 | 28,8 |
| | Вкупно | 31.512 | 426 | 1,4 | 7.334 | 30,3 |
| **Вкупни кредити на население** | | 51.480 | 1.830 | 3,7 | 19.086 | 58,9 |
| **Вкупни кредити на претпријатија** | | 80.728 | 2.823 | 3,6 | 19.490 | 31,8 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 11**

Кредити на населението

| | | **2006** | | | | **2007** | | | | **2008** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Кв.1** | **Кв.2** | **Кв.3** | **Кв.4** | **Кв.1** | **Кв.2** | **Кв.3** | **Кв.4** | **Јануари** | **Февруари** |
| **Рочна структура на кредитното портфолио на населението (во %)** | Краткорочни | 25,0 | 24,8 | 24,4 | 25,1 | 26,8 | 27,7 | 29,2 | 29,2 | 29,8 | 29,9 |
| | Долгорочни | 75,0 | 75,2 | 75,6 | 74,9 | 73,2 | 72,3 | 70,8 | 70,8 | 70,2 | 70,1 |
| **Кредити на население според намена (годишни промени, во %)** | Станбени кредити | 37,1 | 33,5 | 35,4 | 40,1 | 43,4 | 45,7 | 48,2 | 47,7 | 47,8 | 48,4 |
| | Рамковни кредити | 63,9 | 68,1 | 84,9 | 103,7 | 125,2 | 136,9 | 131,4 | 112,3 | 93,1 | 96,1 |
| | Кредити за други намени | 32,6 | 26,8 | 26,0 | 31,0 | 33,9 | 38,8 | 45,5 | 48,7 | 51,0 | 53,5 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 12**

Кредити на претпријатијата

| | | **2006** | | | | **2007** | | | | **2008** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Кв.1** | **Кв.2** | **Кв.3** | **Кв.4** | **Кв.1** | **Кв.2** | **Кв.3** | **Кв.4** | **Јануари** | **Февруари** |
| **Рочна структура на кредитното портфолио на претпријатијата (во %)** | Краткорочни | 54,4 | 53,8 | 51,0 | 48,6 | 47,1 | 46,0 | 46,2 | 43,9 | 44,5 | 45,3 |
| | Долгорочни | 45,6 | 46,2 | 49,0 | 51,4 | 52,9 | 54,0 | 53,8 | 56,1 | 55,5 | 54,7 |
| **Кредити на претпријатија (годишни промени, во %)** | Краткорочни | 0,8 | 13,0 | 11,1 | 11,9 | 8,9 | 5,9 | 20,4 | 17,2 | 20,3 | 25,0 |
| | Долгорочни | 36,1 | 34,0 | 30,8 | 41,1 | 45,7 | 44,6 | 45,8 | 41,6 | 40,9 | 38,0 |
| | Денарски | 3,4 | 14,3 | 14,2 | 21,3 | 22,6 | 20,2 | 32,9 | 29,9 | 30,2 | 33,6 |
| | Девизни | 42,0 | 38,5 | 31,0 | 32,4 | 31,4 | 30,2 | 32,6 | 29,4 | 32,2 | 28,8 |

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 13**

Текови на креирање и повлекување ликвидност

| *во милиони денари* | 31.12.2007 | 29.02.2008 | 13.03.2008 | кумулативно 31.12.2007/ 29.02.2008 | 13.03.2008 / 29.02.2008 |
|---|---|---|---|---|---|
| | состојби | | | текови | |
| **Ликвидни средства на банките (сметки на банките кај НБРМ)** | **10.415** | **9.067** | **9.715** | **-1.348** | **648** |
| **Автономни фактори (вкупно):** | **84.009** | **78.324** | **79.168** | **-2.147** | **-100** |
| Готови пари во оптек | 17.969 | 16.256 | 15.705 | 1.713 | 551 |
| Девизни трансакции на НБРМ | 73.958 | 72.739 | 72.730 | -1.219 | -9 |
| Денарски депозити на државата кај НБРМ | -9.842 | -12.539 | -12.158 | -2.697 | 381 |
| Готовина во благајна на банките | 1.924 | 1.868 | 2.891 | 56 | -1.023 |
| **Монетарни инструменти:** | **-25.555** | **-24.134** | **-23.439** | **1.421** | **695** |
| Аукции на благајнички записи | -20.995 | -22.178 | -21.483 | -1.183 | 695 |
| Државни хартии од вредност за монетарни цели | -4.560 | -1.956 | -1.956 | 2.604 | 0 |
| **Останато** | **-8.253** | **-8.875** | **-8.822** | **-622** | **53** |

* последни расположливи податоци за март.

Извор: Народна банка на Република Македонија.

**Табела 14**

Каматни стапки

| | **февруари 2008 година** | **месечна промена** | **годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | во % | во процентни поени | |
| **Каматна стапка на аукциите на благајнички записи (28 дена)** | 5,2 | 0,3 | -0,3 |
| **Просечна пондерирана каматна стапка на пазарот на пари (МБКС)*** | 3,1 | 0,0 | -1,1 |
| **Каматна стапка на државни записи со рок на достасување од три месеци** | 5,1 | 0,0 | -1,3 |
| | **јануари 2008 година** | **месечна промена** | **годишна промена** |
| | во % | во процентни поени | |
| **Пондерирани активни каматни стапки на банките** | 9,8 | -0,1 | -0,9 |
| **Пондерирани пасивни каматни стапки на банките** | 5,4 | 0,1 | 0,9 |

* Се однесува на билатералните тргувања меѓу банките.

Извор: Народна банка на Република Македонија и Министерство за финансии.